www.upoz.org.mk

Синдикален
# Билтен

СИНДИКАТ НА РАБОТНИЦИТЕ ОД УПРАВАТА, ПРАВОСУДНИТЕ ОРГАНИ И ЗДРУЖЕНИЈАТА НА ГРАЃАНИ НА Р. МАКЕДОНИЈА

СИНДИКАТ УПОЗ

БР. 48 (4) ОКТОМВРИ - ДЕКЕМВРИ 2007

### ДВАНАЕСЕТТА СЕДНИЦА НА ПРЕТСЕДАТЕЛСТВОТО НА СИНДИКАТОТ НА УПОЗ 07.11.2007 ГОДИНА

## ПРЕДЛОГОТ НА ЗАКОНОТ ЗА СУДСКАТА СЛУЖБА Е КАТАСТРОФАЛЕН

**И на Дванаесеттата седница на Претседателството на Синдикатот на УПОЗ внимание главно беше насочено кон текстот на Предлог - Законот за судската служба, законот кој вработените долго го очекуваа и се надеваа дека тој ќе ги разреши нивните проблеми а тој нуди катастрофални решениеја. Синдикатот не прифаќа закон со вакви решенија заради што до предлагачот на законот достави повеќе забелешки. Уште една актуелна тема беше на дневен ред на седницата - зголемувањето на платите на јавната и државната администрација и реакциите на членството кое смета дека ова е неправична распределба и параван за зголемувањето на платите на функционерите.**

Расправајќи по предлог-текстот на Законот за судската служба членовите на Претседателството оценија дека предлогот е со многу слабости и недоречености. Со решенијата кои тој ги нуди не може никој да биде задоволен особено не судските службеници на кои им беше ветувано дека токму со овој закон ќе се решат сите отворени прашања, пред се во делот на платите и надоместоците. Тој меѓудругото е и во колизија со Законот за работни односи и Законот за судовите.

Покрај ова на седницата беше истакнато дека Министерството за правда како предлагач на законот не вклучи претставници од синдикатот во неговата подготовка ниту му беше даден на разгледување текстот кога тој беше во работна верзија. По упорното инсистирање, текстот беше официјално доставен до Синдикатот на УПОЗ тој да се произнесе по него. Од ваквиот однос на министерството слободно може да се констатира дека тоа го направи повеќе од формална причина бидејќи додека се водеа преговорите по забелешките тој беше доставен до Владата која без измени и забелешки го предложи на Собранието.

Синдикатот и натаму ќе биде упорен во настојувањата да бидат прифатени неговите забелешки бидејќи смета дека доколку биде усвоен законот во предложената верзија, без суштински измени, тој не само што ќе го уназади работно - правниот статус на вработените, туку ќе ги доведе и во нерамноправна положба во однос на носителите на правосудната функција. Во тој контекст ќе спомeнеме дека во предлогот на законот, намерно или од незнаење, испуштени се надоместоците за отпремнина при одење во пензија, јубилејните награди а спротивно на колективните договори се регулираат и надоместоците за превод до и од работа и надоместокот за исхрана.

Најсуштинското прашање - прашањето за платите, предлагачот на законот не се ни обидел конечно да го реши, иако во образложението се вели дека една од причините за неговото донесување е со него да се подобрат условите за работа и зголемувањето на платите. Наместо ова, на дел од вработените не само што не е предвидено зголемување туку на некои работни места тие се намалени.

Од овие причини Синдикатот на УПОЗ побара да присуствува на расправата на комисиите во Собранието со цел да ги изнесе забелешките и да даде свој придонес во донесувањето на квалитетен Закон за судската служба.

Од друга страна, огромно е незадоволството меѓу членството кое со право забележуваат дека законот се носи нетранспарентно и дека вработените за кого ќе се однесува законот, воопшто не биле информирани ниту пак имале можност да се произнесат. Доколку синдикатот не беше упорен во неговите барања и не вршеше притисок, можевме да очекуваме власта да донесе закон со катастрофални решенија и последици по вработените во судската администрација.

Доколку во натамошниот период до донесувањето на законот, не бидат прифатени забелешките на синдикатот, неговите членови се подготвени да се спротистават со бојкот на работата, протести и штрајкови. Иако сме свесни дека власта ништо не може да ја потресе па ниту 80 - дневен штрајк, сепак мора да биде свесна дека без квалитетен закон за Судската служба не може да се надева на успешни

►►► 2

**СРЕЌНИ НОВОГОДИШНИ И БОЖИКНИ ПРАЗНИЦИ**

1 ◄◄◄

реформи во правосудството.
Од овие причини синдикатот во повеќе наврати побара од Министерот за правда заеднички да ги надминат разлики со преговори.
Засега тој упорно избегнува било каква средба, веројатно од причини што ниту има што да каже ниту може да одговори на ветувањата кои и тој лично ги даваше пред да биде отпочната постапката за донесување на овој закон.

На дванаесеттата седница на Претседателството се расправаше и за зголемувањето на платите на јавната и државната администрација и реакциите на вработените. Уште по најавта дека Владата ќе ги зголеми платите по 10 насто годишно или вкупно 34 насто во наредните три години, Синдикатот на УПОЗ реагираше и упати забелешка дека ваквото зголемување е неправично, дека со него оние кои најдолго чекаа пак ќе останат на дното и со плати далеку под републичкиот просек, несоодветни на вложениот труд и без можност со такви плати тие да обезбедат достоен живот за себе и своето семејство.

Од овие причини Синдикатот на УПОЗ испрати писмо до сите синдикални организации со намера да го анкетира членството и тоа да се произнесе дали и покрај се, ваквото зголемување ќе го прифатат а ако не го прифаќаат како да се реагира. Од нив беше побарано на синдикални состаноци да изградат заеднички став зад кој доследно ќе стојат. Меѓутоа и покрај очигледното незадоволство и револт меѓу вработените, тие и овојпат освен револт, како што беше при промената на работното време, не покажаа доследност да се спротистават на било кое решение кое е наприфатливо за нив од социјален и од економски аспект.

Во дискусијата беше истакнато дека тоа е резултат на стравот па и партиските влијанија, заради што членството не е во можност да се организира за посилен притисок врз власта со цел да ја промени ваквата одлука која е само параван за зголемувањето на платите на највисоките функционери во државата.
Синдикатот ќе ги следи барањата и реакциите на членството а од Владата и натаму ќе бара во наредните две години да ја преиначи оваа неправична одлука.



# П Р Е Д Л О З И

## НА СИНДИКАТОТ НА УПОЗ ЗА ИЗМЕНИ И ДОПОЛНУВАЊА НА ПРЕДЛОГОТ ЗА ДОНЕСУВАЊЕ ЗАКОН ЗА СУДСКА СЛУЖБА

Забелешките на Синдикатот на УПОЗ во врска со Предлогот за донесување Закон за судска служба се во насока на подобрување на предлог – текстот на Законот и конечно дефинирање на позицијата на статусот на судската администрација која несомнено претставува важен сегмент во работата и ефикасноста на судовите во Македонија.
Заради нејзината недефинирана положба и посебно ниските плати на оваа категорија вработени, во изминативе десетина години имаше огромно незадоволство кое беше манифестирано со протести и штрајкови.

Текстот на Предлог – законот има повеќе недоследности и нејаснотии во одредбите со кои се уредуваат важни прашања за судските службеници: **класификацијата на работните места по судови, системот на плати и надоместоци, судската полиција како и судскиот менаџмент.**
Во таа смисла сметаме дека и во предлогот на текстот останува огромниот јаз во примањата предвидени за т.н. раководни судски службеници (носителите на правосудните функции) од една страна и сите други судски службеници, од друга страна.
Со ова не сакаме нашата забелешка да биде протолкувана како реакција на платите на носителите на правосудните функции, туку едноставно сакаме да укажеме на огромната разлика на нивните плати и судската администрација која беше присутна и досега а сега таа ќе биде уште поголема.
Затоа предлагаме и нивните плати да се регулираат како во Законот за плати на судиите (Чл. 17), и платите и надоместоците да се уредат со Колективни договори.

Сметаме дека обезбедувањето на пристојна плата за судските службеници е од огромно значење за остварување на целта за донесување на овој закон кој треба да се темели врз начелата на: ефикасност во работењето, совесност, стручност, законитост и сл.

Исто така сакаме да обрнеме внимание дека главата IV која се однесува на управувањето со предмети треба да отпадне од овој закон затоа што оваа материја е регулирана со Судскиот деловник каде што таа и припаѓа.

►►► 3

Во таа насока ги поднесуваме следниве предлози:

**КЛАСИФИКАЦИЈА НА РАБОТНИТЕ МЕСТА ВО СУДОВИТЕ**

**Чл. 12**

Во овој член не е предвидено работното место секретар на судот согласно чл.100 од Законот за судови кој предвидува секретарот на судот да биде дипломиран правник. Исто така, во Предлог – законот, во класификацијата на работните места во кои спаѓаат раководните места, предвидено е **судски администратор во сите судови во РМ** (освен во судовите со помалку од седум судии), за кого пак во чл. 20 е предвидено да ги исполнува општите услови ( државјанин на РМ, полнолетен,завршено соодветно високо образование и тн.) а како посебен услов – лице со завршен Правен, Економски факултет, Факултет за менаџмент или Факултет за јавна админитрација со пет години работно искуство.

**Оваа одредба на чл. 20 од Предлог – законот за судска служба е во колизија со чл. 1) ст. 1 од Законот за судовите.**

Исто така, во чл. 82 од Предлог – законот, оценувањето на судскиот службеник го врши судскиот администратор кој нема положен правосуден испит (а можеби ќе нема и Правен факултет) што значи дека администраторот не би можел да има ниту увид, ниту познавање од стручната работа на судската стручна служба, за да може да врши нејзино оценување.

**ПРАВА И ОБВРСКИ НА СУДСКИОТ АДМИНИСТРАТОР**

**Чл. 28**

**Овој член да се брише:**

При донесувањето на Законот за судовите, синдикатот сметаше дека не е потребно посебно да се регулира правото на судиите да можат да основаат здруженија заради остварување на своите права...Забелешката не се прифати а сега истата грешка се прави со тоа што во Предлогот – законот повторно за една категорија вработени – судските администратори и другите службеници со членот 28 се дефинира дека можат да основаат здруженија заради остварување на своите права.

**ПРАВА НА ВРАБОТЕНИТЕ ВО СУДСКАТА АДМИНИСТРАЦИЈА**

**Чл. 41**

Членот 41 е спротивен со членовите 26 и 100 од Законот за судови од следниве причини:

Ако **секретарот** на судот е тој кој што **раководи** со човечките ресурси, **ја организира** работата на судската администрација и презема мерки заради навремено и уредно вршење на работите во нејзиниот делокруг **и е одговорен** за остварување и вршење на стручните и административно – техничките работи во судот, тогаш **тој треба** да го врши распоредувањето на судските службеници на соодветни работни места. Само така тој би можел правилно да раководи, да биде добар организатор и менаџер и да биде одговорен за вршењето на работите. Не само што тоа право не му е дадено на Секретарот на судот, туку не е предвидено тој да дава и свое мислење или предлог до Претседателот за распоредување на судските службеници.

**Чл. 43**

Во ставот 1 на овој член да се брише точката 5 бидејќи правото на штрајк е уставна категорија и оваа материја е регулирана со Законот за работни односи.

**РАБОТНО ВРЕМЕ**

**Чл. 44**

Заради карактерот на работата на судовите, како и заради барањето на граѓаните, потребно е да се прецизира почетокот и завршетокот на работното време и членот да гласи:

Работното време во судовите изнесува 40 часа во работната недела (полно работно време) согласно Закон. **Почетокот на работното време е во 7,30 а завршетокот во 15,30 часот.**

**ПЛАТЕНО ОТСУСТВО**

**Чл. 49**

Во овој член да се додаде нов став кој ќе гласи:

**Членовите на синдикатот, како и синдикалниот претставник имаат право на платено отсуство за синдикални активности кои попрецизно ќе се регулираат со колективен договор.**

►►► 4

## ПИСМО ОД МИНИСТЕРСТВОТО ЗА ПРАВДА

# ДА СЕ ПРЕИСПИТААТ НЕКОИ ОДРЕДБИ ВО ДЕЛОТ НА ПЛАТИТЕ

**По трите средби одржани меѓу претставници на Синдикатот на УПОЗ и Министерството за правда и силните инсистирања на синдикатот да се прифатат суштинските забелешки, стигна известувањето од Министерството за правда. Во него меѓудругото се вели:**

...” Во Законот за судска служба систематски и конзистентно се уредуваат прашањата за судската администрација, системот на плати на судската полиција и управувањето со предметите во судовите.

Заради комплексноста на прашањата што се однесуваат на судската администрација, предлогот на Законот за судска служба беше доставен на мислење на УПОЗ, исто така во континуитет беа договарани и одржани неколку работни средба со претставници на Синдикатот на УПОЗ...

....На средбите договорено е и прифатено од двете страни дека околу законските одредби потребни се дополнителни консултации, како во Министерството за финансии така и во Судскиот буџетски совет, каде што предлозите ќе бидат разгледани и ќе биде преиспитана можноста за нивно вклопување во законскиот текст...”



**РАБОТА ВО УСЛОВИ НА ШТРАЈК**

**Чл. 54 и 55**

Двата члена да се бришат бидејќи штрајкот е регулиран во Законот за работни односи и согласно чл. 238 ст. 1 на овој закон:
**„На предлог на работодавачот, синдикатот и работодавачот спогодбено подготвува и донесува правила за производно одржувачки и нужни работи кои не смеат да се прекинуваат за време на штрајкот."**

АЛТЕРНАТИВА: Доколку не се прифати овој предлог, тогаш да се бриши првиот став во двата члена.

**СИСТЕМ НА ПЛАТИ И НАДОМЕСТОЦИ ОД ПЛАТА НА СУДСКИТЕ СЛУЖБЕНИЦИ**

**Чл. 61**

Вреднувањето на работните места е унифицирано со ист број бодови за сите видови на судови што не кореспондира со обемот и сложеноста на работата што ја врши судската стручна служба во суд со основна и суд со проширена надлежност.
Додека пак во Законот за платите на судиите согласно член4, висината на платата се утврдува во зависност од видот на судот, специјализираниот судски оддел, внатрешните должности во судот, судскиот стаж, научно – стручните звања и специјализацијата и постигнатите резултати во вршењето на судската функција.

Работните места како што се вишите судски советници, самостојните судски советници, советниците и стручните соработници, како и информатичарите, се несоодветно вреднувани.
Ова од причини што овие работни места подразбираат и опфаќаат работи и работни задачи од висок интелектуален карактер со голем степен на самостојност во работата со оглед дека изготвувањето на една судска одлука бара вложување и интелектуален напор.
Впрочем, според образованието, стручните судски службеници (кои се со завршен Правен факултет и положен правосуден испит, како и со одредено работно искуство по завршувањето на испитот) не заостануваат по степенот на образованието со судиите.

Поради ова несфатливо е еден стручен соработник да се вреднува со само 380 бодови или плата од 16 762,00 денари наспроти судскиот администратор во Врховниот суд со 875 бодови или плата во износ од 38 596,00 денари или 650 бодови за судскиот администратор во пониските судови или плата од 28 672,00 денари.

Во уште понезавидна состојба ќе бидат доведени административните судски службеници каде што раководителот на судската писарница ќе има само 250 бодови или 11 027,00 денари плата а записничарот на судија само 220 бодови или 9 704,00 денари плата. Индикативно е што на некои работни места бројот на бодови е намален во однос на оние бодови што ги имаат согласно Законот за државни службеници.

**Чл. 62.**

Ако платата на судиите се определува согласно просечно исплатената плата (која се множи со коефициентот), логично е и платите на судската стручна служба која е дел од судството односно судската власт, да се изнајде соодветен начин на одредување и на нивните плати. Со утврдување на бодот од страна на Владата, тоа значи дека независното судство е само декларативна определба.
Затоа предлагаме овој член да се измени и да гласи: **Вредноста на бодот се утврдува со Колективен договор меѓу Синдикатот и Судскиот буџет.**

АЛТЕРНАТИВА: Вредноста на бодот ја утврдува Судскиот буџет во преговори со Синдикатот.

**Чл. 63**

Во ставот еден, да се додадат **минатиот труд и прекувремената работа, јубилејна награда за 10, 20 и 30 години стаж, како и отпремнина при одење во пензија.**
**Овие права се утврдени и во Законот за работни односи а како право ги имаат и судиите согласно Законот за платите на судиите (чл. 14 и 15).**

Во ставот еден алинеја 6, во заградата да стои "над 2 км" како што е во Колективниот договор.

При ова сакаме да укажеме дека не смее во Законот за судска служба да се преземе една апсолутно неуставна одредба од Законот за државни службеници, минатиот труд да се исплаќа само на бодовите за образование.

Ставот два да се измени и да гласи: **„Висината, основицата и рокот за пресметување и исплата на надоместокот за овие прошоци се утврдува со Колективен договор од Судскиот буџет."** Во спротивно ќе се случи и по овој основ особено во надоместокот за исхрана, судските службеници да бидат

►►► 5

дискриминарани и наместо да им се исплаќа 25 насто од просечната плата (околу 3 500,00 денари) како што е предвидено во Законот за платите на судиите и Колективниот договор, да добиваат 2 300,00 колку што дозволува Законот за извршување на буџет.

**ЗАШТИТА НА ПРАВАТА НА СУДСКИТЕ СЛУЖБЕНИЦИ**

**Чл. 93 и 94**

Со овие членови предвидено е правото на жалба а потоа и право на жалба пред надлежен суд за права од работен однос. Меѓутоа предлагачот на Законот направил превид бидејќи права од работен однос се и платите, придонесите од плата, неисплатен надомест по разни основи и сл.

Тоа значи дека ниту со членовите 93 и 94 ниту со било кој друг член е предвидена судска заштита на судскиот службеник во случај на отказ на договорот за работа, прераспоредување и во случај кога како кандидат на јавен оглас не бил избран.

Во постапката за заштита на правата на судските службеници задолжително треба да се превиди и учество на синдикалниот преставник односно на претставникот на работниците.

**СУДСКА ПОЛИЦИЈА**

**Чл. 98 став 2**

По кои критериуми и со која школска подготовка односно стручност ќе се назначуваат координаторите. Ако не се прецизира, се остава преголем простор на претседателите на апелационите судови за манипулации и самоволие.

**Чл. 100**

Исто како и во членот 98, без утврдени критериуми се остава простор на претседателите на основните судови.

Од овие причини предлагаме во членовите 98 и 100 да се преформулираат:

**За координатор или командир односно заменик во апелационите односно основните судови можат да се назначат лица кои имаат соодветна школска подготовка, училиште за внатрешни работи односно било која друга висока сродна школска подготовка**

**Чл. 101**

За командир на судската полиција се предвидени 460 бодови а за неговиот заменик 450 бодови. Ова всушност ќе значи дека командирот на судската полиција и неговиот заменик ќе имаат поголема плата од стручните соработници. И со овој пример сакаме да истакнеме дека нашиот предлог не е на командирот и неговиот заменик да им се намалат бодовите туку дека вреднувањето на стручниот соработник не е соодветно.

Ставот два од овој член да се преформулира и да биде идентичен како во членот 63:

**Вредноста на бодот се утврдува со Колективен договор меѓу синдикатот и Судскиот буџет.**

Исто така во овој член платите на судските полицајци да се уредат на ист начин како и на другите судски службеници и да се определат бодови за образование и бодови за работно место.

# ДОГОВОР ЗА СОРАБОТКА СО ТУРСКИОТ СИНДИКАТ

На 26 ноември 2007 година во Истанбул беше потпишан Договор за соработка меѓу Синдикатот на работниците од управата, правосудните органи и здруженијата на граѓани на Република Македонија и Синдикатот на вработените во сите општини и општи услуги (ХИЗМЕТ - ИС) од Република Турција. Договорот го потпишаа претседателите Ванчо Муратовски и Махмут Арслан.

Во рамките на соработката двата синдикати со договорот се согласија дека ќе соработуваат на унапредување и поттикнување на работните услови и меѓународните договори, поволните измени на меѓународен план, спроведување на постигнатите измени со договорите за рамноправни права кои се базираат на меѓусебните пријателски договори предвидени во рамките на светската економија, воспоставување и имплементација на меѓусебните односи и соработка.

Надоврзувајќи се на начелото за размена на познавањата и искуствата на полето на синдикалните активности со цел да се воспостават меѓусебни односи и соработка, двете страни се договорија:

1. Земајќи ги предвид економијата и развојот на настаните во својата земја, во рамките на предвидената соработка, синдикатите ќе разменуваат претставници со цел да ги научат искуствата од работниот живот и работата на синдикатот од другата земја.

2. Целта на соработката е да се придонесе во воспоставувањето на меѓусебни бенефиции кои ќе бидат од помош на владата, министерствата и јавните институции и организации.

3. Ќе се разменуваат потребни материјали, списанија, весници, филмови, написи во врска со работниот живот и активностите на синдикатите.

4. Покрај едукацијата синдикатите ќе започнат и со меѓусебни консалтинг услуги.

5.Започнување размена на програми за развој чија цел ќе биде подобрување на квалитетот и едукативното ниво на експерти и претставници.

6. Меѓусебно информирање во врска со развитокот на настаните на полето на работните задачи, здраствените услуги, социјалното осигурување и безбедноста во своите земји.

## ТРИНАЕСЕТТА СЕДНИЦА НА ПРЕТСЕДАТЕЛСТВОТО НА СИНДИКАТОТ НА УПОЗ (20.12.2007 ГОДИНА)

# КОЛЕКТИВНИТЕ ДОГОВОРИ – ПРИОРИТЕТНО ПАШАЊЕ

На седницата на Претседателството беше констатирано дека процесот на потпишување на колективни договори не смее да биде закочен заради одолговлекувањето на Владата околу преговорите за потпишувањето на Општиот колективен договор за јавниот сектор. Од друга страна пак, активностите кои ги презема Владата со кои таа сака од овој процес да биде изземен Сојузот на синдикатите на Македонија, може да направи хаотична состоба на овој план. Доколку сепак дојде до такво самоволие на Владата, ССМ ќе направи се пред надлежните институции да го оспори тоа. Но независно од нејзините намери, во Синдикатот на УПОЗ двата колективни договори (посебните) се потпишани на неодредено време, како и десетината поединечни.

Во расправата на седницата беше заклучено дека покрај ова, на планот на колективните договори, посебен проблем претставува и нивното непочитување. Од овие причини некои од дискутантите побараа при потпишувањето на Општиот колективен договор во еден член да се предвидат и санкции доколку тој не се почитува.

Во делот на поединечните колективни договори, беше речено на седницата дека е мошне мал бројот на синдикалните организации на УПОЗ кои ги потпишале. Според евиденцијата, вакви колективни договори на неодредено време имаат потпишано само десет: Царинската управа на РМ, Фондот за пензиско и инвалидско осигурување на РМ, Државниот завод за геодетски работи, Воената болница, Државниот завод за статистика, Државниот архив на РМ, Фондот за здраствено осигурување на РМ, Локалната самоуправа на Тетово и Сојузот на возачите на РМ. Во работна верзија текст на колективните договори имаат уште три организации и тоа: Агенцијата за вработување на РМ, Управата за јавни приходи и Министерството за земјоделство, шумарство и водостопанство.
Она што посебно загрижува ефактот што другите организации сеуште не презеле никакви активности на овој план.

Од овие причини беше заклучено во наредниот период сите синдикални организации кои досега не ги потпишале поединечните колективни договори веднаш да го отпочнат со активностите а кон почетокот на февруари 2008 година веќе

**На Тринаесеттата седница на Претседателството на Синдикатот на УПОЗ главна тема на расправа беше Информацијата околу потпишувањето на Општиот колективен договор и поединечните колективни договори (на ниво на работодавач). Беше заклучено дека ова ќе бидат приоритетните прашања за синдикатот во наредниот период со цел процесот на потпишување на колективните договори на сите нивоа конечно да биде заокружен.**



да ги имаат подготвено работните верзии на текстот на колективниот договор. Оние синдикални организации пак чии колективни договори се потпишани на неодредено време, да преземат активности за нивно усогласување со одредбите од Законот за работни односи.

На седницата беше разгледан и договорот за соработка потпишан на 26 ноември 2007 година меѓу Синдикатот на УПОЗ и Синдикатот на вработените во општините и општите услуги на Турција. Членовите на Претседателството оценија дека проширувањето на соработката е од обострана корист и дека потпишаниот договор е уште еден чекор напред на планот на развивањето и унапредувањето на меѓународната синдикална соработка. Со тоа овој договор беше верификуван и колегите од турскиот синдикат ќе бидат поканети да бидат гости на Деветнаесеттата синдикална школа на УПОЗ.

Претседателството донесе и Одлука за организирање на Деветнаесеттата синдикална школа која ќе се одржи од 21 до 23 февруари 2008 година. Местото на нејзиното одржување дополнително ќе биде одредено во зависност од понудите на угостителските објекти со кои е разговарано.

На оваа седница, за член на Претседателството од Министерството за земјоделие, шумарство и водостопанство на место на десегашниот претседател Дончо Марков кој се повлече заради работни обврски, беше кооптиран новоизбраниот претседател Игор Миќев. Исто така беше направена и промена во составот на членовите на Советот на ССМ од Синдикатот на УПОЗ. На местото на досегашниот член Стојан Орешков кој ја напушти работната организација - Државниот завод за геодетски работи, беше предложена Снежана Радојковиќ. Нејзиниот мандат за член на Советот на ССМ од Синдикатот на УПОЗ, ќе биде верификуван на наредната седница на Советот.

Покренатата иницијатива за измени на Законот за државни службеници од Синдикалната организација на Локалната самоуправа на Кочани беше прифатена и таа ќе биде главна точка на расправа на наредната седница на Претседателството на УПОЗ.

Тринаесеттата седница заврши со заклучокот и барање до сите синдикални за редовно ажурирање на списоците на членови кои треба веднаш да се доставаат до Синдикатот на УПОЗ. Исто така, евиденцијата треба да биде редовна обврска на секоја синдикална организација која треба редовно да го информира Синдикатот на УПОЗ за секоја промена (нови зачленувања, одење во пензија, напуштање на синдикатот, преминување во друга организација и сл.).


**IMPRESSUM**

**Гласило на Синдикатот на работниците од управата, правосудните органи и здруженијата на граѓани на РМ**

12 Ударна бригада 6б–Скопје,
тел: 02/31–26–351; тел./факс: 02/32–30–829;
www.upoz.org.mk
• Билтенот го подготвува и уредува:
**Пецо Груевски**
• Подготовка за печат “Макформ”– Скопје
• Тираж 600 примероци